## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 21 и 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за расположливите депозити**
**(неофицијален пречистен текст)[1]**

1.Со оваа одлука се регулираат начинот и условите за пласирање на расположливите депозити во денари (во натамошниот текст: депозитите) кај Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2.Сите банки и филијали на странски банки (во понатамошниот текст: банките) имаат право на пласирање средства во депозити кај Народната банка.

3.Роковите на достасување на депозитите се еден работен ден (преку ноќ) и седум дена, без можност за предвремено повлекување делумно или во целост.

4.Гувернерот ги утврдува каматните стапки на депозитите и тие, заедно со останатите услови, се објавуваат на интернет-страницата на Народната банка.

Каматата се пресметува со примена на следнава формула:

$$K = \frac{D \cdot k \cdot d}{100 \cdot 360}$$

каде што:
K - камата на депозитот;
D - износ на депозитот;
к - каматна стапка;
d - календарски број на денови.

5.Банката може да пласира депозити преку ноќ кај Народната банка секој работен ден, а депозити на седум дена, еднаш неделно.

Банката ја известува Народната банка за износот што ќе го пласира во депозити, преку СВИФТ или друг начин на писмено известување.

---

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Одлуката за расположливите депозити. Неофицијалниот пречистен текст ги опфаќа Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Макеоднија" бр. 49/12), Одлуката за изменување на Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/13), Одлуката за изменување на Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13), Одлуката за дополнување на Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.166/13) и Одлука за изменување на Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/15).

6.Банката го врши пласирањето средства во депозити кај Народната банка преку доставување налог за пренос на средства на посебна сметка кај Народната банка.

Банката го доставува налогот за пренос на средства во депозити преку ноќ од моментот кога Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) престанува со примање пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти, до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите во платниот промет, согласно со редовниот термински план на МИПС и тој е неотповиклив.

Банката го доставува налогот за пренос на средства во депозити на седум дена од моментот кога МИПС почнува со работа, до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти, согласно со редовниот термински план на МИПС и тој е неотповиклив.

6-а. – се брише.

7.Народната банка ѝ ги исплаќа депозитите на банката на денот на достасувањето, на почетокот на работното време на МИПС.

Каматата се пресметува и се плаќа во текот на истиот работен ден.

8.Народната банка има право да го ограничи пласирањето средства во депозити, делумно или во целост, заради исполнување на целите и насоките на монетарната политика.

9.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.04.2012 година.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**